Република Северна Македонија

Министерство за финансии

К-4-2020

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - четврти квартал 2020 година -


## Резиме

- Во К-4-2020 е забележан пад на домашната **економска активност** од 0,7% на годишна основа, што претставува натамошно забавување на падот на активноста по силниот пад во вториот квартал, со што просечното намалување на **реалниот БДП** во 2020 година изнесува 4,5%, што е во рамки на проектираната вредност;
- **Бројот на вработени** во К-4-2020 е намален за 2,2% во однос на истиот квартал од 2019 година. **Бројот на невработени** се намали за 5,7%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-4-2020 на 16,1%;
- Просечната **нето-плата** во К-4-2020 изнесува 27.925 денари и бележи номинален раст од 6,9% и реален раст од 4,7% на годишна основа;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-4-2020 се пониски за 5,3%, додека вкупните **буџетски расходи** се повисоки за 15,3% споредено со истиот квартал од 2019 година;
- **Стапката на инфлација** во К-4-2020 изнесува 2,2% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-4-2020 се зголеми за 3,9% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките во К-4-2020 забележа раст од 1,3% на квартална основа;
- Во К-4-2020 е забележан раст на **извозот на стоки** од 5,1% и пад на **увозот на стоки** од 1,4% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 1,3%;

## Содржина:

1. Економска активност....3
2. Пазар на работна сила....4
3. Јавни финансии....6
3.1. Буџетски приходи според економската класификација....6
3.2. Буџетски расходи според економската класификација....7
3.3. Расходи по буџетски корисници....8
3.4. Буџетски дефицит и државен долг....10
4. Инфлација и монетарни движења....10
5. Надворешен сектор....13
5.1. Надворешнотрговска размена....13
5.2. Платен биланс....16


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 591
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.5/9-5
издание 5
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. Економска активност

Во К-4-2020 е забележан **пад на домашната економска активност** од 0,7% на годишна основа, што претставува натамошно забавување на падот на активноста по силниот пад во вториот квартал, со што просечното намалување на реалниот БДП во 2020 година изнесува 4,5%, што е во рамки на проектираната вредност (Графикон 1.3).

Графикон 1.1. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Гледано по сектори, активноста во **услужниот сектор** е намалена за 0,1%, што најмногу се должи на намалената активност во дејностите: Уметност, забава и рекреација од 3,6%; Стручни, научни и технички дејности од 1,6%; Информации и комуникации и Јавна управа, одбрана, образование и здравство од по 0,4%; и Трговија, транспорт и угостителство од 0,1%. Зголемена активност има во: Дејности во врска со недвижен имот од 2,0% и Финансиски и дејности на осигурување од 1,0%.

**Градежниот сектор** забележа пад од 1,4% по растот од 3,4% во претходниот квартал, со што продолжуваат променливите движења во овој сектор (Графикон 1.1). **Земјоделството бележи** пад од 3,2% по растот во претходните три квартали.

Графикон 1.2. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Во К-4-2020, **индустрискиот сектор** забележа пад од 0,6%, што е значително ублажување по двоцифрените стапки на пад во претходните два квартала, во услови на непроменето производство во **преработувачката индустрија**. Од месечните податоци се воочува дека индустријата има опаднато во просек за околу 4,6% во октомври и ноември, додека во декември забележа раст од 2,5%, што претставува прво зголемување на производството по февруари.

Ваквите позитивни движења во последниот месец од годината се последица на поволните остварувања во рударскиот сектор и повеќе дејности во рамки на преработувачката индустрија.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Анализирано според расходната страна на БДП, **приватната потрошувачка** забележа годишен пад од 4,3% на реална основа, во услови на намалени дознаки од странство, коишто неповолно се одразија врз доходот на домаќинствата и последователно врз потрошувачката. Сепак, позначителен пад е спречен со мерките за поддршка на загрозените групи граѓани и претпријатија. Падот на вкупната потрошувачка е ублажен со растот на **јавната потрошувачка** од 6,6%, иако се забележува забавување на стапката на раст во споредба со претходниот квартал.

**Бруто-инвестициите** се намалија за 13,0% по растот од 4,2% во претходниот квартал, со што продолжуваат променливите движења во оваа категорија.

Графикон 1.3. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Извозот на стоки и услуги** забележа раст од 1,3% на реална основа, додека **увозот на стоки и услуги** забележа пад од 7,2%. Со тоа, нето-извозот бележи позитивен придонес од 6,6 процентни поени (п.п.).

## 2. Пазар на работна сила

Во К-4-2020, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** е намален за 2,2%, односно за 17,8 илјади лица во однос на истиот квартал од 2019 година, а падот се должи на намалената вработеност во земјоделскиот сектор (10,9 илјади или 10,5%), во услужниот сектор (6,4 илјади или 1,4%) и во индустријата (2,2 илјади или 1,1%), додека зголемен број вработени има единствено во градежништвото (3,2 илјади или 6,2%). Во рамки на услужната дејност, особен пад на вработеноста се јавува кај административни и помошни услужни дејности (4,5 илјади или 19,3%) и кај транспорт и складирање (3,8 илјади или 7,7%), додека позабележително зголемување на вработеноста има кај дејности на здравствена и социјална заштита (3,3 илјади или 6,9%) и трговија на големо и мало (2,6 илјади или 2,3%).

Анализирано според економскиот статус, зголемување на вработеноста се јавува единствено кај вработени лица (приматели на плата) од 7,5 илјади или 1,2%, а пад се бележи кај вработени за сопствена сметка (12,6 илјади или 14,2%), семејни работници (7,2 илјади или 19,0%), како и кај работодавци (5,5 илјади или 17,1%).

**Стапката на вработеност** во К-4-2020 изнесува 46,8% и во однос на истиот квартал од 2019 година е намалена за 1,1 п.п..

Меѓутоа, и покрај намалувањето на вработеноста, забележан е и пад на **бројот на невработени**, којштo е намален за 9,3 илјади лица, односно за 5,7% во однос на истиот квартал од 2019 година. Овие движења предизвикаа **стапката на невработеност** во К-4-2020 да се намали на 16,1%, односно за 0,5 п.п. во споредба со истиот квартал од 2019 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,4 п.п. (Графикон 2.1).

Графикон 2.1. Број на вработени и стапка на невработеност




Извор: Државен завод за статистика

Гледано по возрасни групи, невработеноста во однос на К-4-2019 е намалена кај групите на возраст од 25-49 години за 8,9%, и од 50-64 години за 2,8%, додека невработеноста кај групата на возраст од 15-24 години е зголемена за 3,0%. Според половата структура, стапката на невработеност е намалена за 1,5 п.п. кај женското население и изнесува 15,5%, што е за 1,1 п.п. помалку од невработеноста кај мажите којашто е зголемена за 0,2 п.п. и изнесува 16,6%.

**Бројот на активно население** е намален за 27,1 илјада лица, односно за 2,8% на годишна основа. Активното население во К-4-2020 сочинува 55,9% од вкупното работоспособно население и е намалено за 1,6 п.п. во споредба со истиот квартал 2019 година.

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **нето-плата** во К-4-2020 изнесува 27.925 денари и е повисока за 6,9% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2019 година, додека на реална основа, нето-платата бележи зголемување од 4,7% (Графикон 2.2).

Просечната месечна **бруто-плата** во К-4-2020 изнесува 41.671 денар и бележи раст од 7,4% на номинална и 5,1% на реална основа.

**Продуктивноста на трудот** во К-4-2020 е зголемена за 1,5%, што е последица на пониският пад на производството од падот на вработеноста.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-4-2020 учествуваат со 28,6% во кварталниот БДП и се пониски за 5,3% споредено со истиот квартал од2019 година, што пред сè е резултат на високиот пад на неданочните приходи за 45,0%, додека социјалните придонеси се зголемија за 5,8%, а даноците се останаа непроменети. Кај даночните приходи беше забележана пониска наплата кај данокот на додадена вредност, кај акцизите и кај другите даночни приходи, додека раст е забележан кај персоналниот данок на доход, кај данокот на добивка и кај царинските давачки.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К4
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Наплатата на индиректните даноци во К-4-2020 е намалена за 3,0%, а кај директните даноци е забележано зголемување од 5,4% во однос на К-4-2019. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е зголемено за 0,2 п.п. и изнесува 4,5% од кварталниот БДП, а учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-4-2020 изнесува 10,9% и е пониско за 0,5 п.п. во однос на К-4-2019.

Кај **индиректните даноци**, приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 45,1% од вкупните даночни приходи во К-4-2020, и се пониски за 2,0% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност, најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал од 2019 година, приходите од акцизи се пониски за 5,2%, додека приходите од царински давачки се зголемени за 17,8%.

Во рамки на **директните даноци**, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 4,5%, а кај приходите од данокот на добивка од 7,3% во однос на истиот квартал претходната година, што главно се должи на зголемената наплата по основ на месечни аконтации.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 5,8%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно

кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување од 6,0%, кај придонесите за здравствено осигурување од 5,5% и кај придонесите за вработување од 4,3%.

**Неданочните приходи**, коишто претставуваат 1,7% од кварталниот БДП, во К-4-2020 беа реализирани за 45,0% помалку во однос на истиот квартал од 2019 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди, во К-4-2020 беа пониски за 69,3% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** забележаа намалување за 44,9%.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-4-2020, со учество од 38,2% во кварталниот БДП, се повисоки за 15,3% споредено со истиот квартал од 2019 година. Растот на расходите во услови на намалена економска активност меѓу другото е резултат на мерките преземени за справување со здравствената криза и поддршка на домашната економска активност.

**Тековните расходи**, коишто претставуваат 34,2% од кварталниот БДП, имаат учество од 89,5% во вкупните расходи и беа реализирани за 21,3% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа пад од 6,8%, а расходите за плати и надоместоци раст од 4,4% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, коишто учествуваат со 70,1% во вкупните расходи, беа реализирани за 28,9% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 11,8% и учествуваа со 43,3% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 5,7% и забележаа учество од 24,0% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесуваа 24,3% и истите забележаа зголемување од 68,5% споредено со четвртиот квартал од 2019 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 7,8%, а субвенциите и трансферите од 124,6%.

Расходите за каматни плаќања беа намалени за 1,9% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување од 7,8%, а каматните расходи по надворешниот долг се намалени за 2,7%.

**Капиталните расходи**, коишто претставуваат 4,0% од кварталниот БДП, се реализирани за 19,0% помалку споредено со истиот квартал од 2019

година и оствари учество од 10,5% во вкупните расходи.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во периодот октомври - декември 2020 година, преку разделот **Министерство за финансии – функции на држава**[1] реализирани се 30.393 милиони денари, што претставува 52,0% од годишниот буџет. Убедливо најголем дел од расходите или 88,0% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 26.742 милиона денари.

**Министерството за труд и социјална политика** во К-4-2020 година реализираше 12.253 милиони денари или 23,9% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (65,9%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 8.070 милиони денари или 22,9% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 23,7% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 25,4% или 2.902 милиона денари од планираните за 2020 година.

**Министерството за образование и наука** во периодот октомври - декември 2020 година изврши буџетски средства во износ од 7.111 милиони денари, што е 27,6% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (58,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.188 милиони денари или 25,8% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 15,4%, за што се потрошени 1.098 милиони денари, односно 34,9% од вкупно предвидените средства за тековната година.

**Владата на Република Северна Македонија** во К-4-2020 реализираше 9.676 милиони денари, односно 50,8% од планираните средства за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите беа реализирани во износ од 8.916 милиони денари (50,7% од вкупно планираните) и учествуваа со 92,1% во вкупните расходи.

Во анализираниот период, од страна на **Министерството за внатрешни работи**

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

реализирани се вкупно 2.851 милион денари, што претставува 25,2% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 71,2%, за што се потрошени 2.030 милиони денари или 25,2% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 16,0%, за што се реализирани 455 милиони денари или 23,1% од годишниот план.

Графикон 3.2. Структура на расходи по буџетски корисници во К-4-2020 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој** (АФПЗРР) во К-4-2020 реализираше средства во износ од 1.945 милиони денари, што претставува 21,7% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 51,8% во вкупните расходи, реализирани се 14,0% од планираните средства или 1.007 милиони денари. Втора најзначајна ставка со учество од 46,7% се капиталните расходи, коишто се реализирани во износ од 909 милиони евра, односно 54,1% од планираните.

**Министерството за одбрана** во четвртиот квартал од 2020 година изврши буџетски средства во износ од 2.766 милиони денари, што е 33,3% од вкупниот буџет за 2020 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 37,0%, за што се реализирани 1.022 милиона денари, што претставува 25,1% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 23,5% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 649 милиони денари, односно 32,1% од вкупно предвидените.

**Министерството за здравство** во периодот октомври - декември 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 2.420 милиони денари, што е 31,6% од вкупниот буџет за 2020 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 73,8%, за што се потрошени 1.786 милиони денари или 44,8% од средствата наменети за тековната година. Стоките и услугите, со учество од 23,0% во вкупните расходи, се втора најзначајна ставка, при што се реализирани 556 милиони евра (19,1% од планираните).

**Министерството за транспорт и врски** во периодот октомври - декември реализираше средства во износ од 886 милиони денари, што е 27,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 28,1% од предвиденото (689 милиони денари), а учествуваат со 77,8% во вкупните расходи на овој буџетски корисник. Субвенциите и трансферите учествуваат со 14,6% во вкупните

расходи, а за оваа намена реализирани се 130 милиони евра, односно 23,5% од планираните.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/mk/node/692*).

### 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во четвртиот квартал од 2020 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 17.996 милиони денари или 9,6% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 18.324 милиони денари, односно 9,8% од кварталниот БДП. Дефицитот е резултат на растот на расходите поради преземените мерки за справување со кризата предизвикана од ковид-19.

Графикон 3.3. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-4-2020 изнесува 51,2% од БДП и забележа намалување на своето учество во БДП за 0,6 п.п. во однос на К-3-2020. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-3-2020 е намалено за 1,0 п.п. и изнесува 61,3%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 38,7% од вкупниот државен долг.

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-4-2020 изнесува 2,2% на годишна основа и е зголемена за 0,7 п.п. во споредба со К-3-2020. Забрзувањето на растот на цените во четвртиот квартал се должи на растот на цените на храната и алкохолот и тутунот како и намалениот негативен придонес на енергијата што се должи на забавувањето на падот на цените на нафтените деривати и регулаторното зголемување на цените на електричната енергија во август.

Раст на потрошувачките цени во К-4-2020 бележат категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 7,9%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,6%, Ресторани и хотели од 3,8%, Храна и безалкохони пијалаци од 3,4%, Разновидни стоки и услуги од 2,7%, Здравствена заштита од 1,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,2%, Образование од 0,5% и Рекреација и култура од 0,2%. Пад на цените е забележан во категориите: Транспорт од 7,1% и Облека и обувки од

0,8%. Цените во категоријата Комуникации останаа непроменети.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Во четвртиот квартал[2] од 2020 година, Народна банка на Република Северна Македонија ја задржа **основната каматна стапка** на 1,5%, откако претходно ја намали во три наврати од почетокот на годината, поради пандемијата на ковид-19 и мерките за спречување на ширењето на вирусот, коишто неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,5%, како и позначајното намалување на понудениот износ на благајнички записи придонесоа за зголемување на ликвидноста на банкарскиот систем и поддршка на кредитните текови во економијата, односно одржување на кредитниот циклус и ублажување на ефектите од негативниот шок врз домашната економија.

[2] Податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки се по нова методологија.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена во декември 2020 година изнесуваше 0,3% и во споредба со претходниот квартал остана непроменета.

**Примарните пари**[3] во К-4-2020 забележаа пад на квартална основа од 14,9% (во претходниот квартал е забележан пад од 0,9%), во услови на намалување на вкупната ликвидност на банките за 31,2%, додека готовите пари во оптек регистрираа зголемување од 2,7%. Во однос на К-4-2019, примарните пари се намалија за 6,1% (во К-3-2020 е забележан раст од 11,1%), како последица на намалената вкупна ликвидност на банките од 25,4%, додека готовите пари во оптек регистрираа раст од 15,5%.

Во К-4-2020, најтесната парична маса М1[4] забележа зголемување од 7,2% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 забележа раст од 4,5%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 3,8% на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[5] на банките во К-4-2020 се зголеми за 3,9% на квартална основа, по падот од 0,1% во

[333] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[5] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 11,9%, а депозитите на домаќинствата се зголемија 2,4%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се зголемија за 4,1%, а девизните депозити забележаа раст од 3,5%. Степенот на евроизација е намален за 0,2 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 39,8%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-4-2020 се намали за 0,6 п.п. споредено со претходниот квартал и изнесува 23,8% (во К-3-2020 изнесуваше 24,4%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа зголемување од 1,7%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Кредитната активност** на банките во К-4-2020 забележа раст од 1,3% на квартална основа (во претходниот квартал остана непроменета), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата и кредитите кон домаќинствата од по 1,3%. Од валутен аспект, девизните кредити во К-4-2020 споредено со претходниот квартал се зголемија за 1,5%, додека денарските кредити се зголемија за 1,1%. Според рочноста, долгорочните кредити во К-4-2020 во однос на претходниот квартал бележат раст од 1,2%, а краткорочните кредити се зголемија за 2,3%.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Каматната стапка**[6] на денарските кредити во К-4-2020 изнесува 5,06% и е намалена за 0,06 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-4-2020 изнесува 4,19% и е намалена за 0,06 п.п. во однос на претходниот квартал. Каматната стапка на денарските депозити во К-4-2020 изнесува 1,35% и забележа пад од 0,07 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 0,56% и е намалена за 0,02 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-4-2020 изнесува

[6] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

4,26%, а на новоодобрените девизни кредити 3,54%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 0,88% и 0,55%, соодветно.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-4-2020 изнесува 3.973,4 милиони евра и бележи раст од 1,3% во однос на истиот квартал од 2019 година. Ова укажува на поповолни движења во надворешнотрговската размена со странство по падот на истата во првите три квартали од 2020 година, како резултат на ширењето на пандемијата предизвикана од коронавирусот.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки
*(во милиони евра)*




Извор: Државен завод за статистика

**Извозот на стоки** во К-4-2020 изнесува 1.721,4 милиони евра и во однос на К-4-2019 регистрира раст од 5,1%, што укажува на поповолни движења во извозот на нашата земја по падот на истиот во првите три квартали од 2020 година, како резултат на пандемијата на ковид-19. Во К-4-2020, извозот на стоки забележа раст од 7,2% во однос на претходниот квартал.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), во К-4-2020 забележан е раст на извозот на годишна основа кај следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 12,8% (во чии рамки најголем раст забележа категориите: електрични машини, апарати и делови за 38,4 милиони евра или 16,5%; индустриски машини и делови за 34,3 милиони евра или 15,6%);
- хемиски производи за 8,3% (хемиски материи и производи за 26,2 милиона евра или 7,7%);
- производи класирани по материјалот за 7,3% (изработки од неметални минерали за 11,9 милиони евра или 81,2%; железо и челик за 4,5 милиони евра или 3,1%) и
- производи за храна за 6,1% (овошје и зеленчук за 9,2 милиона евра или 20,9%).

Негативно придвижување во извозот се забележува кај следните сектори:

- разни готови производи за 6,8% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата облека за 18,9 милиони евра или 18,2%);

- пијалаци и тутун за 28,8% (тутун и производи од тутун за 13,4 милиони евра или 39,8%);
- минерални горива и мазива за 23,9% (нафта и производи од нафта за 10,7 милиони евра или 49,8%);
- суровини освен гориво за 3,5% (сирово ѓубриво и минерали, освен јаглен, нафта и скапоцени камења за 6,8 милиони евра или 33,6%) и
- животински и растителни масла за 34,7% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 1,3 милиони евра или 37,2%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2020 раст на извозот е забележан кај следните групи производи:

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 48,2 милиона евра или 15,8%;
- стоки за индустриски набавки за 40,8 милиони евра или 5,4%;
- транспортна опрема за 19,9 милиони евра или 8,3% и
- храна и пијалаци од 2,3 милиони евра или 1,9%.

Намалување на извозот е забележано кај следните групи производи:

- стоки за широка потрошувачка за 19,0 милиони евра или 10,0% и
- горива и мазива за 7,0 милиони евра или 24,3%.

**Увозот на стоки** во К-4-2020 изнесува 2.252,0 милиона евра и е намален за 1,4% во однос на К-4-2019. Во К-4-2020 увозот на стоки забележа раст од 12,8% во однос на претходниот квартал.

Анализирано **по сектори** на СМТК, намалување на увозот во К-4-2020 во однос на К-4-2019 се забележува кај следните сектори:

- минерални горива и мазива за 29,3% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата нафта и производи од нафта за 70,0 милиони евра или 44,0%);
- суровини освен гориво за 22,4% (метална руда и отпадоци од метал за 16,0 милиони евра или 34,3%);
- производи класирани по материјалот за 1,6% (железо и челик за 13,6 милиони евра или 12,7%);
- производи за храна за 4,9% (месо и преработки од месо за 7,9 милиони евра или 19,1%) и
- пијалаци и тутун за 15,2% (тутун и производи од тутун за 2,0 милиона евра или 24,1%).

Зголемување на увозот се забележува кај следните сектори:

- хемиски производи за 25,3% (во чии рамки
  најголем раст забележа категоријата неоргански хемиски производи за 69,8 милиони евра или за 173,9%);
- машини и транспортни уреди за 1,5% (електрични машини, апарати и делови за 25,9 милиони евра или 13,4%);
- разни готови производи за 2,0% (мебел и негови делови, постелнина и сл. производи, душеци, носачи на душеци, перници и сл. полнети производи за 3,3 милиони евра или

15,0%; облека за 2,1 милион евра или 7,8%) и

- о животински и растителни масла за 6,2% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 1,0 милион евра или 7,4%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2020 пад на увозот е забележан кај следните групи производи:

- о горива и мазива за 71,4 милиони евра или 32,0%;
- о транспортна опрема за 17,3 милиони евра или 12,4% и
- о храна и пијалаци за 12,0 милиони евра или 5,8%.

Зголемување на увозот е забележано кај следните групи производи:

- о стоки за индустриски набавки за 25,0 милиони евра или 2,1%.
- о производи за инвестиции без транспортна опрема за 17,8 милиони евра или 5,4% и
- о стоки за широка потрошувачка за 0,3 милиони евра или 0,1%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-4-2020




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Република Северна Македонија со Европската Унија (ЕУ 27[7]) во К-4-2020 е намалена за 2,1% во однос на К-4-2019, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена износува 59,6% и е намалено за 2,1 п.п. споредено со четвртиот квартал од 2019 година. Притоа, во К-4-2020 извозот на стоки учествува со 79,1%, а увозот на стоки со 44,8%.

[7] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Северна Македонија, во К-4-2020 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 72,4 милиони евра, што претставува 2,4% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 9,7% од БДП забележан во истиот квартал од 2019 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-4-2020 е намален за 221,5 милиони евра, односно 75,4%, што се должи на намалувањето на дефицитот на сметката на стоки за 17,6% и на сметката на примарен доход за 18,9%, како и остварениот суфицит на сметката на услуги наспроти дефицитот во К-4-2019. Спротивно влијание имаше намалувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 2,9%.

Во К-4-2020, **трговскиот дефицит** на годишно ниво е намален за 108,1 милион евра, додека во процент од кварталниот БДП е намален за 3,8 п.п. на годишна основа, односно изнесува 16,6%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-4-2020 изнесува 78,9 милиони евра наспроти дефицитот од 23,5 милиони евра во четвртиот квартал од 2019 година. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-4-2020 изнесува 137,5% од кварталниот БДП и во однос на К-4-2019 е намалена за 0,5 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-4-2020 забележа дефицит од 107,0 милиони евра и истиот е намален за 24,9 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-4-2020 изнесува 462,3 милиони евра и на годишно ниво е намален за 13,9 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на приватните трансфери за 44,6 милиони евра, коишто во сметката на секундарниот доход учествуваат со 87,0%. Официјалните трансфери се зголемени за 30,7 милиони евра, а тие во сметката на секундарниот доход учествуваат со 13,0%.

Салдото на **капиталната сметка** во К-4-2020 изнесува 3,6 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2019 година е зголемено за 2,0 милиона евра, што се должи на зголемениот прилив на капитални трансфери и непроизведени нефинансиски средства.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-4-2020 изнесуваат 95,3 милиони евра и во однос на К-4-2019 година се намалени за 114,7 милиони евра. Намалувањето произлегува од реинвестирање на добивката, каде што е забележан одлив од 69,9 милиони евра, додека по основ на должнички инструменти и по основ на сопственички капитал е регистриран прилив од 145,7 и 19,5 милиони евра, соодветно.

**Портфолио инвестициите** во К-4-2020 изнесуваат 239,5 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2019 година се зголемени за 230,3 милиони евра.

**Останатите инвестиции** во К-4-2020 се негативни и изнесуваат 122,9 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите изнесуваат 111,4 милиони евра, додека сметките на заемите и трговските кредити и аванси бележат негативно салдо од 132,8 и 100,4 милиони евра, соодветно.

**Девизните резерви** на крајот на четвртиот квартал од 2020 година изнесуваат 3,4 милијарди евра и во однос на К-4-2019 се зголемени за 3,0%. Девизните резерви на крајот на К-4-2020 обезбедуваат 5,3-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.